НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2020 - Реализирани активности во 2020 година

Реализација на осмото издание на фестивалот за феминистичка култура и акција „ПРВО ПА ЖЕНСКО“

Период на подготовки и спроведување: март – септември 2020

Донатори: Програма на Креативна Европа на Европска Комисија, ФРИДА – Фонд за млади феминистки, Министерство за култура, Град Скопје

Цел: Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО, има за цел да отвори прашања за околностите и состојбите во кои денес се развиваат и практикуваат родовите стереотипни улоги и да понуди простор за преиспитување на постоечките норми преку интердисциплинарна и мултимедиумска програма. Темите за кои главно се говори во овој колаборативе простор се феминизам, родова еднаквост, локална, регионална и интернационална размена соработка и вмрежување, женска и квир интелектуална, креативна продукција.

Годинешното осмо по ред издание на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО, во организација на Тиииит! Инк од Скопје, се одржа од 17ти до 23ти август во Скопје, во ЈУ Младински културен центар, пред Мобилната галерија во Паркот на франкофонијата и во Музејот на современа уметност во Скопје, со поддршка од Европската Комисија - програма Креативна Европа, Министерство за култура на Република Северна Македонија, Град Скопје и FRIDA Young Feminist Fund.

Во петте фестивалски денови Фестивалот понуди изложби, концерти и диџеј сетови, дискурзивна програма, филмска проекција, промоција на книга и младинска програма. Преку темата во програмскиот фокус *Жените се малцинство* ПРВО ПА ЖЕНСКО го продлабочи прашањето на постоењето на жените како малцинство во различните типови простор - физичкиот, политичкиот, културниот, виртуелниот, да го промовира гласот на жените, како глас на малцинството, но и да повика на свесно избирање на малцинската позиција во изнаоѓањето поинакви модели на политичко дејствување, особено важни сега, во условите на актуелната пандемија, во која се први на удар маргинализираните и ранливите.

Оваа и следната година, дел од програмата на ПРВО ПА ЖЕНСКО се реализира во рамки на Women on Women (WoW), проект кофинансиран од програмата Креативна Европа на Европската Комисија, што Tiiiit! Inc. го спроведува заедно со Mesto Žensk од Љубљана, K-Zona од Загреб и Outlandish Theatre Platform од Даблин. Проектот се фокусира на родовата еднаквост низ феминистичка перспектива, трасирајќи го наследството на жените (жени, трансродови и интерсекс луѓе кои се идентификуваат како жени) особено низ

интерсекциска перспектива, како и перспектива на различностите. Фестивалскиот тим е засилен со членките на локалната WoW група - жени од различни социјални, економски, културни, етнички и генерациски позадини, кои се дел од подготовките и реализацијата на проектните активности и уметничките програми.

Промовирајќи разновидни културни и уметнички практики и естетики, Фестивалот поттикна учество на релевантни млади, но и веќе докажани уметници од различни дисциплини и културни работници од Република Северна Македонија и странство, при што обрнавме внимание да се задржи програмски реципроцитет меѓу домашните и странските учесници.

Реализираните фестивалски содржини се наведени детално во продолжение на овој извештај.

17 АВГУСТ (понеделник)

21:00 МКЦ галерија - Изложба: Ничии прагови конкретно - Елена Чемерска и Ивана Мирчевска
22:00 МКЦ плато - Концерт: Димитра, соработка со ISKRA Tourbooking (WoW Program)

18 АВГУСТ (вторник)

20:30 МКЦ плато - Разговор што може(ше) да биде перформанс: Непосредност во криза, соработка со МОТ+; Учеснички: Јасмина Василева - актерка, Ана Дубљевиќ - изведувачка, танчерка, кореографка и културна работничка (Србија), Мод Хендрикс и Бернадет О'Рајли - Outlandish Theatre Platform (Ирска), Билјана Радиноска - режисерка и Јасна Јасна Жмак - писателка и драматург (Хрватска) (WoW Program)
22:00 МКЦ плато - Концерт: Хана, Долорес и Јоана (соработка со ISKRA Tourbooking) (WoW Program)

20 АВГУСТ (четврток)

18:00 Град Скопје - Мапирање на женско културно наследство: Скопје 2020 (ж.) со Ивана Драгшиќ (WoW Program)
20:30 ЦАЦ Мобилна галерија, Парк на Франкофонијата - Младинска програма со Period. The Menstrual Movement Skopje: Проекција на едукативен филм и форум дискусија со Ана Данева Маркова и Ангела Јаневска

22 АВГУСТ (сабота)

20:00 МСУ плато - Промоција на книгата 15 horror stories by women workers на Кристина Божурска, заедно со Кристина Ампева , соработка со Private Print (WoW Program)

21:00 МСУ плато - Проекција на филм: „Писма 1“ и „Писма 2“ на Ана Павловиќ (RS,DK), во соработка со Филмската програма на МСУ - Скопје (WoW Program)
22:30 МСУ плато - Диџеј сет: DIAH, соработка со ISKRA Tourbooking (WoW Program)

23 АВГУСТ (недела)
20:00 МСУ - Изложба: Без простор - Селма Селман (BiH) (WoW Program)
21:00 МСУ плато - Диџеј сет: Diskordia (WoW Program)

▼ На затворањето на Фестивалот се обрати Претседателот на Република Северна Македонија, г. Стево Пенадаровски.

▼ Изложбата во авторство на Ивана Мирчевска и Елена Чемерска – „Ничии прагови конкретно“, која беше дел од визуелната програма на фстивалот беше рангирана на прво место за најдобра изложба реализирана во галеријата при Младинскиот културен центар во 2020 година. https://mkc.mk/lik-recenzija/izlozbi-mkc-rang-lista-za-2020-godina/?fbclid=IwAR0xlGIROX5R8QvYELrz9VUy90XHHNriTef9c6XAL1RsRhKVQOcRBm6lIhU

Програмски партнери на ПРВО ПА ЖЕНСКО годинава беа Младинскиот културен центар, фестивалот Млад отворен театар, Музејот на современа уметност, ISKRA Tourbooking, Period Skopje, Центарот за современи уметности ЦАЦ, Private Print и Од нула до нула. Со цел изработка и набавка на промотивните материјали за Фестивалот, иницираме соработка со претставниците на други дејности надвор од уметноста и културата - дизајнот на овогодинешниот визуелен идентитет на Фестивалот, беше на архитектката и визуелна уметница Тамара Забазноска, делумно изработката на промотивните материјали се реализираше во соработка со Partisan Print/Партизанска штампа, а дел од промотивните материјали беа и изработките на претпријатието за природни сапуни *Бела.*

Со своето осмо издание, ПРВО ПА ЖЕНСКО започна посветено да ја реализира својата зелена агенда и преку конкретни акции да го промовира прашањето за заштита на животната средина, кое е несомнено и феминистичко прашање, затоа што родовата нееднаквост и глобалната неправедност произлегуваат од истиот систем кој ги експлоатира природата и нејзините ресурси, исто како што ги експлоатира и луѓето. Во соработка со иницијативата Од нула до нула, ја адаптиравме програмата и се потрудивме реализацијата на Фестивалот да има што е можно помал еко-отпечаток и помалку отпадоци.

Благодарение на поддршка од централната и локалната власт, квалитетот и видливоста на Фестивалот беа значајно унапредени. Сите делови од програмата беа проследени од

многубројната публика од најразлични возрасни групи. Иако природата на настанот не дозволува прецизно утврдување на бројот на посетителите, по слободна проценка, во текот на петте денови, Фестивалот го посетија околу 1.000 посетители. Фестивалот се реализираше со строго почитување на Протоколот за организација на настани во рамки на Планот за намалување на рестриктивните мерки за спречување на ширењето на коронавирусот, усвоен од Владата на РС Македонија. Согласно, бројот на посетители на секоја од фестивалските активности беше регулиран со цел обезбедување максимална безбедност на учесниците и посетителите на фестивалските содржини.

Согласно планираното, за време на Фестивалот беа фотографирани сите активности, по што фотографиите беа објавени на веб и Facebook страницата на организаторот:
Ден 1 https://www.facebook.com/media/set/?vanity=Tiiiit.inc&set=a.3495130700521089
Ден 2 https://www.facebook.com/media/set/?vanity=Tiiiit.inc&set=a.3498322116868614
Ден 3 https://www.facebook.com/media/set/?vanity=Tiiiit.inc&set=a.3505581712809321
Ден 4 https://www.facebook.com/media/set/?vanity=Tiiiit.inc&set=a.3512086302158862
Ден 5 https://www.facebook.com/media/set/?vanity=Tiiiit.inc&set=a.3516168631750629

На следниот линк се наоѓаат и видеата со преглед на сите фестивалски денови:
https://youtu.be/9EjYIKB9_QA
https://youtu.be/yBlx0n18K0M

Со вклучување на Фестивалот за феминистичка култура и акција ПРВО ПА ЖЕНСКО во годишната програма за финансирање интердисциплинарни проекти од национален интерес во културата, Министерството за култура на РМ го поддржа препознавањето, континуираното следење и вреднување на активна женска сфера во Македонија – активноста и делата на независните уметници и уметнички колективи оформени од жени, и на актерките од независната културна сцена, како и поттикнувањето истите на поактивна и проактивна соработка и вмрежување за што фестивалот веќе неколку години е ретка можност. Дополнително, Министерството го поддржа одржувањето на овој слободен, инклузивен простор за унапредување на позитивниот став кон активноста на оние кои јавно го поставуваат женското прашање и дејствуваат во насока на подобрување на политиките кои во фокусот ја имаат жената во услови во кои во заедницата сé уште постои ограничено разбирање на нивната важност за демократските општества. Вклучувањето на фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО во годишната програма за финансирање интердисциплинарни проекти од национален интерес во културата, беше суштествена како за јакнење на организацијата и на Фестивалот, така и за промовирање на исклучително важните општествени теми кои тој ги отвора. Се надеваме дека и во иднина можеме да сметаме на поддршката од Министерството и дека овие искуствата ќе ни овозможат да ја продолжиме соработката со Министерството, кое го препознаваме како

природен партнер на Фестивалот, и дека ќе продолжиме да планираме и креираме заеднички активности и во иднина.

Реализација на активности од проектот „ПичПрич/Peach Preach“

Времетраење на проектот: февруари 2020 – октомври 2021

Донатори: Фондација Квина тил Квина (Фондација Жена за жена)

Цел: Проектот има за цел да го предизвика патријархалниот притисок низ јавното раскажување на приказни, следејќи го традиционалниот начин на создавање на женската усна историја во спротивност со канонизираната, пишана машка историја. Недостатокот од репрезентација на женските искуства во јавниот дискурс, преку овој проект ги внесуваме во јавниот и политичкиот раскажувањата на жените, преточени во приказни преку кои би изградиле слика за жените поинаква од стереотипот со цел постигнување на родова еднаквост.

Како продолжување на успешната соработка во 2019 на проектот ПичПрич - во авторство на Ана Василева и Румена Бужаровска, и оваа година продолжи соработката и проектот во чии рамки се реализираа три настани поддржани од страна на шведската фондација Квина тил Квина (Фондација Жена за жена). Гала вечерта на раскажување женски приказни беше целосно испланиран настан, со однапред 600 распродадени билети, кој требаше да се одржи во Македонскиот Национален Театар во Скопје на 4 март 2020 година. За жал, поради новонастанатата ситуација со пандемијата на Ковид 19, настанот се откажа, но истиот беше реализиран во септември 2020 година без присуство на публика. Видеото од овој настан сè уште не е објавено. Во рамките на проектот се реализираа уште два онлајн настани, кои беа работени според теми кои адресираа проблеми настанати како последица на пандемијата и кои директно влијаат на жените. Првиот настан, “Бркам работа“, беше организиран онлајн на 15 мај 2020 каде учествуваа пет млади девојки кои работат фриленс (независно/самостојно) - како дизајнерки, актерки, уметници, музичарки, преведувачки, кои споделуваа приказни кои допираа до прашања поврзани со женските искуства на работно место, потоа сексуално вознемирување, економска нееднаквост, неплатен домашен труд и др. Вториот настан, „Школски приказни/Rrëfime shkollore“ се одржа исто така онлајн на 22 декември во соработка со *Трегиме Пјешкаш* – настан на раскажување женски приказни на албански јазик, инспириран од ПичПрич. Раскажувачки на овој настан беа 6 гостинки кои раскажуваа за своите искуства во соочувањето со предизвиците кои ги наметна контекстот со пандемијата во кој школството претрпе навистина големи измени со комплетната дигитализација и тоа загатна многу прашања за рефлексијата на оваа дигитализација на

наставата врз животите на жените-професорки и жените-родителки. Настанот беше тројазичен, раскажувачките говореа на македонски, албански и српски јазик. Обезбеден беше и превод.

Реализација на активности од проектот „Жени за Жени / WoW – Women on Women“

Времетраење на проектот: септември 2019 – август 2021

Донатори: Програма на Креативна Европа на Европксата Комисија

Цел: Промовирање на еманципација на девојките и жените преку зајакнување на нивниот глас и учество и обезбедување на нов модел на социјална и економска интеграција на мигрантите, бегалците и малцинските групи жени.

„Родовата еднаквост е прашање на човекови права. Тоа е темел на демократските општества и добро управување и камен-темелник на инклузивниот одржлив развој “

Проектот „Жени за жени“ (WoW) е двогодишен проект за соработка помеѓу перифериите на Европа, меѓу четири партнери во четири европски земји кои се на т.н. балканска рута или мигрантска дестинација - од Македонија до Ирска.

Станува збор за проект од жени, за жени, кој се осврнува на прашањата за родова еднаквост во разновидна и мултикултурна Европа, преку историска и современа перспектива - промовирајќи еманципација на девојките и жените преку зајакнување на нивниот глас и учество и обезбедување на нов модел на социјална и економска интеграција на мигрантите, бегалците и малцинските групи жени.

Преку создавање наративи кои можат да ги збогатат нашите општества и можат да се спротивстават на растечките тенденции на националистичка, расистичка и патријархална идеологија што цвета на нашите територии - во Европа која се етаблира како модел за еднаквост, слобода и женски права - проектот ги истакнува достигнувањата на жените во минатото и сегашноста, ги истражува женските културни наследства и им дава глас на различните заедници на жени раскажувајќи исчезнати приказни за женските траектории.

Преку модел за градење на капацитети на неприивилегираните жени, кој вклучува активности за влез во главните текови, како што се кампањи, јавни активности, колективни уметнички проекти, отворени повици за уметници и курирање на уметнички програми, свесни за потребата од повеќекратно, интеркултурно претставување, проектот ги стимулира граѓаните активно да учествуваат во афирмирање на вредностите кои спречуваат исклучување и дискриминација.

Проектот е изграден околу три меѓусебно поврзани оски: одраз на минатото, промена на сегашноста, создавање на иднина што може да се преведе и како наследство, креативност, интеграција (претставено подоцна во описот), со главен фокус на жените и на соработка меѓу заедниците, неопходна за да се постигне интеграција на жените со најмалку видливост и можности, што доведува до подобро социјално и економско вклучување.

Проектот има голема придобивка од веќе воспоставените силни врски помеѓу партнерите кои многу пати работеле заедно пред ова партнерство. Ние сме четири културни организации кои имаат долгорочна агенда за родова еднаквост и човекови права во рамките на нашите културни програми. Сето претходно богато искуство во работење со разновидни заедници и публика преку партиципативни, социјално ангажирани и инклузивни уметнички практики; управувањето со културни програми кои се фокусираат на жени уметници; организирање меѓународни фестивали за уметност и активизам; водење програми за феминистичка педагогија и спроведување на акции за социјална интеграција за жени, за овој проект претставува можност за партнерите дополнително да разменуваат знаења околу вклученоста и иновациите и да градат силен проект, кој може да предложи меѓусекторски развој и алтернативи на економскиот расизам, надвор од временската рамка на овој проект.

Во рамки на проектните активности, преку пријавување на отворен повик, се формираше група од 15ина девојки. Преку менторски сесии девојките во текот на целата година работеа на теми поврзани со целите на проектот. Дел од девојките од групата WoW Group земаа учество и на фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО.

Во периодот од јануари до декември 2020 година,, во рамките на ооj проект се реализираа повеќе активности кои во разни форми ги содржеа главните цели и идеа објаснети погоре. Почнувајќи од јануари 2020, започна иницијативата за доделување на **WoW наградите**, каде на отворениот повик за номинирање на значајни жени кои придонеле во својата заедница беа номинирани над 40 жени од РСМ. Преку процес на гласање во рамки на однапред определена комисија, доделени беа вкупно пет награди и тоа: Енисе Демирова – Штип, Ружица Јосифовска – Кавадарци, Наташа Бошкова – Скопје, Ирена Поповска – Скопје, Васка Мојсовска – Тимјаник (Неготино). Нашите партнери, хрватскиот веб портал Vox Feminae реализираше 5 интервјуа со добитничките на наградата. Интервјуата беа објавени и на веб страницата на Тиииит! Инк на македонски и на англиски јазик.

WoW Program е активност т.е програма која се случуваше во рамките на фестивалот ПРВО ПА ЖЕНСКО, каде 70% од програмата на целиот фестивал спаѓаше во рамките на овој проект. Деталниот опис на активностите е веќе објаснет во првиот дел каде се наведени

сите информации на ПРВО ПА ЖЕНСКО во 2020 година. Накусо, во рамки на оваа програма се реализираше една изложба, перформативна профрана, проекција на филм, музичка програма, промоција на книга и тура низ Скопје која го мапираше женското/ феминистичко културно наследство на Градот Скопје.

Веднаш по реализацијата на фестивалската програма, беа објавени резултатите од отворениот повик насочен кон уметници, илустратори и дизајнери за креирање на нов дополнувачки шпил на карти - Fierce women WoW card deck. На овој конкурс се пријавија над 300 креативки и креативци, а голем број од нив со вкупно 60 илустрации беа од Република Северна Македонија. Во избраните 30 илустрации се вброија и 4 на двајца креативци од земјава и тоа Тамара Забазноска и Зоран Кардула секој со свои две илустрации.

Во септември 2020 се започна со активноста **WoW Places** која има за цел да создаде нови наративи и патеки кои ќе ги истакнат биографиите и приказните на жените од историјата, низ научно истражување и мапирање на местата со феминистичко културно наследство кои се значајни заради нивното постоење и дејствување. Во улога на истражувачки вклучени се Ивана Драгшиќ - социолог и Ивана Хаџиевска – историчарка. Овој истражувачки процес ќе резултира со публикување на книга во три делови, каде 75 приказни од Словенија, Хрватска и Северна Македонија ќе говорат за жените кои дејствувале на овие простори.

Реализација на активности од проектот „Крај за менструална сиромаштија - Застапување за намалување на менструалната сиромаштија во РСМ“

Времетраење на проектот: јуни 2020 – август 2021

Донатори: Цивика Мобилитас, ФРИДА – Фонд за млади феминистки

Цел: Унапредување на пристапот до средства за менструална хигиена на жените и девојките во РСМ и адресирање на менструалната сиромаштија преку подигање на јавната свест и промени во политиките кои ќе доведат до социјално – инклузивно управување и унапредување на родовата еднаквост.

Проектот кој Тиииит! Инк. го спроведува во партнерство со Реактор е содржана во четири главни активности и тоа: (1)Изработка на сеопфатна студија за пристап до менструална хигиена... (2)Спроведување на национална кампања за подигнување на свеста... (3)Креирање неформална национална платформа(мрежа) за застапување за прашањето

за менструална правда и (4)започнување на застапувачки процес за вклучување на мерки и решенија во национални стратешки документи.

Во текот на досегашното проектно работење се започна со изработка на методологијата на истражувањето и се изготви план на истражувачки активности кои започнавме да ги спроведуваме во септември 2020 година. Соодветно на истражувачката методологија, беа изготвени два засебни истражувачки инструменти (прашалници) и тоа за полнолетни граѓанки и граѓани, и за средношколки на возраст од 14 – 17 години.

По првиот драфт на инструментите, истите беа споделени за проверка (peer review) до десет експерт(к)и од областа на родовите теми (главно претставнички од НВО секторот кои имаат богато искуство во теми за родови политики, истражувања со фокус на родовите прашања и сл.) кои дадоа придонес во создавањето на финалната верзија на инструментите. Инструментите се преведоа на албански јазик.

Прашалникот за полнолетни лица беше објавен онлајн на 01.12.2020 и беше отворен за јавноста во период од три седмици поточно до 22.12.2020. Одзивот на овој прашалник е повеќе од задоволителен, каде вкупно 2696 лица одговорија на прашалникот во овој рок.

За реализација на истражувањето на средношколки, врз основа на официјалните регистри на Министерството за образование и наука (МОН) изготвен е дизајн на примерок што би обезбедил репрезентативност на ниво на региони. Бидејќи предметна популација на истражувањето се средношколки - согласно постојните закони за заштита и приватност на податоци и етичките стандарди на истражување, методологијата на истражувањето претпоставува обезбедување на информирана согласност од родителите/старателите. Допис со детален опис на методологијата и инструментите се доставени до Бирото за развој на образованието (БРО) и МОН со што влеговме во процедура за издавање на одобрување за влез во училиштата со цел да го спроведеме истражувањето.